**From:**
**Sent:** Wednesday, July 4, 2018 2:20 PM
**To:**
**Subject:** Одговор на преставка за емисијата „Ѕвездите со Ѕвездана" емитувана на ТВ АЛФА
**Attachments:** Odgovor za emisijata (Zvezdite so Zvezdana) na TV ALFA.pdf

**Importance:** High

Почитуван г-дин Лазаров,

Во прилог Ви го доставуваме одговорот за емисијата „Ѕвездите со Ѕвездана" емитувана на ТВ АЛФА.

Со почит,

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Адреса: Палата Панко Брашнаров, ул.„Македонија" бр. 38
1000 Скопје, Република Македонија

Тел: (02) 3103 400
Факс:(02) 3103 401
Е-адреса: contact@avmu.mk
www.avmu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

Бр03-3015/5

Скопје04.07.2018 г.

**Предмет: Одговор на реакција за емитување на емисијата „Ѕвездите со Ѕвездана" со јасновидката д-р Ѕвездана Ѓеоргиева**

Почитуван

Во врска со вашите дописи (наш број 03-3015/1, 03-3015/2 и 03-3015-3 од 27.06.2018 година), Агенцијата изврши надзор на програмата на ТВ АЛФА емитувана на 26, 27 и 28 јуни 2018 година, врз основа на кој Ве известуваме за следново:

Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, интерактивните емисии во кои се користат техники на пророкување – хороскоп, тарот, јасновидци, толкување соништа и слично - не се забранети, туку класификациски се водат како – забавна програма, со оглед на тоа дека искажаните – прогнози / пророкувања – не можат да се поткрепат со рационални аргументи, односно, како што впрочем и самите јасновидци / гатачи посочуваат, тие нивни искази се од доменот на т.н. - парапсихологија.

Но, сепак, бидејќи исказите најчесто се – сугестибилни, односно имаат директно влијание врз оној што се јавува, а јавно исповеда некаков (психолошки) проблем, при што тоа може да биде и малолетник, радиодифузерот е законски обврзан ваквиот вид емисии да ги емитува - исклучиво по полноќ, и тоа видливо означени како – „*Програми што не се соодветни за публика под 18 години*".

Сето ова, во прв ред е пропишано со позаконскиот акт: „Правилник за заштита на малолетните лица", во чиј став 9 недвојбено се вели:

*Програми со јасновидци – контактните, интерактивни програми со јасновидци (тарот, астрологија, гатачи и слични методи) што непосредно сугерираат промени на персоналното поведение, мора да бидат означени како програми што не се препорачуваат за лица под 18 години, односно – може да се емитуваат само помеѓу 00 и 05 часот.*

Емисијата се емитува исклучиво по полноќ, и е видливо означена како несоодветна за малолетна публика.

Што се однесува до проблемот со јазикот на емитување на програмата, предвид треба да се земе дека членот 64 од ЗААВМУ не предвидува експлицитно дали формата на преведувањето при емитување „емисии во живо" треба да биде – симултан (едновремен) превод или – консекутивен (последователен) превод? Во случајот на емисијата (во живо) „Ѕвездите со Ѕвездана", има – консекутивен превод, составен од – титлувани поенти на јасновидката. Споредбено, ваква форма на – титлуван консекутивен превод, досега е применувана за преносите („емисии во живо") од реалното шоу „Големиот брат".

Во однос на прашањето дали јасновидката има лиценца за

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата „Панко Брашнаров"
ул. „Македонија" бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

работа, Ве известуваме дека Агенцијата нема законска надлежност по ова прашање, но за него, за потребата од подоследен превод на содржината на македонски јазик и за неколку други неусогласености со законската регулатива констатирани со овој надзор, Агенцијата ја извести ТВ Алфа и побара емитувањето на програмата веднаш да се усогласи.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

по овластување на директорот

м-р Драгица ЉУБЕВСКА